Center for Regional Policy Research and Cooperation

*International Conference*
***NHRIs and Promotion and Protection of***
***Human Rights in Macedonia and the Western Balkans***
*October 3-4, 2012, Skopje, Macedonia*

*Меѓународна конференција*
***НИЧП и промоција и заштита на Човековите Права во***
***Македонија и Западниот Балкан***
*3-ти - 4-ти октомври, 2012, Скопје, Македонија*

National Endowment for Democracy
Supporting freedom around the world

ЦРИС Студиорум
Никола Парапунов 6б
1000 Скопје

*Соопштение за јавност*

## МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА: Националните институции за Човекови права и промоцијата и заштитата на Човековите права во Македонија и Западниот Балкан

**Скопје, 02 октомври 2012** - На 3ти и 4ти октомври 2012 година во ЕУ Инфо Центарот во Скопје, **Центарот за регионални истражувања и соработка *Студиорум* организира Меѓународна конференција насловена "Националните институции за човекови права и промоцијата и заштитата на Човековите права во Македонија и Западниот Балкан."**

Свеченото отворање на конференцијата е на 3ти октомври во 14.00 часот, со сесија на која ќе учествуваат **Иџет Мемети**, Народен правобранител на Република Македонија, **Сами Куртеши**, Народен правобранител на Република Косово, како и **Алмедина Кариќ**, советничка на Народната правобранителка на Босна и Херцеговина. Во останатите сесии ќе учествуваат експерти/ки и претставници/чки на институции, граѓански организации и тинк тенкови од Република Македонија и од Западниот Балкан.

Генералната цел на конференцијата е да служи како платформа за претставниците и претставничките од регионалните и европските Национални институции за човекови права (НИЧП), државните институции, како и истражувачи/ки и практичари/ки. Предмет на дискусија ќе бидат состојбите и предизвиците поврзани со човековите права и институционалните модели на НИЧП, со фокус на НИЧП во регионот, и посебно во Македонија. Учесниците ќе се фокусираат на најефективниот модел во случајот на Македонија, а следејќи ги Париските принципи.

Конференцијата се организира во рамките на проектот "Решавање на институционална сложувалка: Каков модел на Национална институција за Човекови права за Македонија" со финансиска поддршка од Националната фондација за демократија од САД, чија цел е да се донесат препораки за применети политики, базирани на докази, кон процесот на креирање на модел за НИЧП во Македонија во согласност со меѓународните стандарди и најдобри практики, како и политичките и социо-економските карактеристики на земјата, а со цел добивање на акредитација со "А" статус.

Заклучоците од конференцијата и други дополнителни материјали наскоро ќе бидат достапни на веб-страницата на Студиорум www.studiorum.org.mk

# # # крај # # #

Контакт: Димитар Николовски, тел. 02-3065 837 / е-меил: info@studiorum.org.mk.